# CT 722

## VISAGE средство против лепење

**Средство кое овозможува исцртување на силиконскиот калап без оштетување на малтерот при нанесување**

## КАРАКТЕРИСТИКИ

- антиадхезивно средство кое се нанесува на силиконски калап при моделирање дрвена структура
- едноставно за употреба
- подготвен за употреба

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit CT 722 Visage треба да се нанесе на силиконскиот калап за да се избегне лепење на калапот на Ceresit CT 720 Visage малтерот при моделирање дрвена структура.

## НАНЕСУВАЊЕ

CT 722 треба да се нанесе на силиконскиот калап со четка или ваљак по потреба, без течење. Додека ја моделирате дрвената структура, контролирајте го квалитетот на конечниот ефект и по потреба редовно нанесувајте CT 722 средство за спречување на лепење на калапот. Доколку не се користи CT 722 постои можност од лепење на калапот на малтерот и лош краен ефект.

## НАПОМЕНА

Работете на температура од +5°C до +25°C.
Обезбедете соодветна вентилација на површините на кои се изведуваат работите. Не дозволувајте отпадот да заврши во канализација. Избегнувајте вдишување на пареата. Избегнувајте контакт со очи и кожа. Не јадете и не пушете цигара додека работите со производот. Измијте ги рацете по употреба. Чувајте го вон дофат на деца. Во случај на голтање, веднаш обратете се на лекар. Не предизвикувајте повраќање. Во случај на контакт со кожа, веднаш измијте со вода и сапун. Во случај на конктат со очи, темелно измијте со вода и побарајте лекарска помош.

## ПАКУВАЊЕ

Пластичен канистер од 5 l.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | мешавина од високорафнирани минерални масла |
| Густина: | 0.85 kg/dm$^3$ |
| Работна температура: | од +5 °C до +25 °C |
| Просечна потрошувачка: | приближно 0.1 l/m$^2$ готова структура на малтер |

## РОК НА ТРАЕЊЕ/СКЛАДИРАЊЕ

До 24 месеци од датумот на производство. Чувајте го на ладно место. Избегнувајте директни сончеви зраци, извори на топлина и силни оксидантни средства.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионлано знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 20°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Дадените информации, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основ на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни.

This document was created and digitally signed by tdx.henkel.com at 2025-11-27T18:44:32.375Z